Вечер: 8.02.2013 год.

ВО МОБ

# Модерен балет „Врати“

На малата сцена во МОБ, утре-вечер со почеток во 20 часот, ќе се изведе модерниот балет „Врати„ во кореографија на Олга Панго.



„Во едно соседство се вселува нов потстанар, девојка. Полека таа се запознава со комшиите и почнуваат да живеат еден идиличен живот на соседство. Заплетот се случува кога во соседството се развива забранета љубов помеѓу новата потстанарка и еден од соседите кој е во брак.

На сцената ќе ги видиме Марија Јосифовска-Ристовска, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска-Гленски, Марина Ѓеоргиевска, Стефан Кочевски и Агим Бафтии. Балетот е на музика на Џенгиз Ибрахим, режија и либрето на Наташа Поплавска, а сценографија и видеодизајн на Емил Петров. За костимите се погрижи Марија Пупучевска.